Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ
МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO
DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: 30-07-2019 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 03 | 46 | | |

Почитуван,

Во врска со претставката (наш бр. 03-46) којашто на 01.07.2019 година по електронска пошта ја доставивте до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а со која барате Агенцијата да ги провери изнесените наводи за одредени аспекти од работењето на 1 ТВ, Ве известуваме за следното:

1. Во врска со првиот навод дека *„Боки повторно тврди дека е вистински сопственик на 1тв…* ", Ве информираме дека на 04.07.2019 година Агенцијата, постапувајќи согласно своите законски надлежности, поведе постапка за утврдување на постоење повреда на забраната од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за таен содружник во овој радиодифузер и презема активности со цел до крај да ја испита основаноста на ваквите сознанија.

2. Во однос на останатите наводи во претставката, Ве известуваме дека Агенцијата нема законска надлежност да постапува, а како што е познато во јавноста и најверојатно и Вие сте веќе запознаени, против лицето Бојан Јовановски надлежните институции водат соодветни постапки.

Срдечен поздрав,